Shaping Futures
Emerging Adults Transitioning from Prisons




# БРОЈ #1 | 2024

PROJECT NUMBER 101140185

## ДОБРОДОЈДОВТЕ НА ПРОЕКТОТ PICTURES

Со задоволство Ви го претставуваме билтенот на проектот PICTURES каде можете да го следите нашиот ангажман за професионализација на практичарите кои работат со млади лица во пенитенцијарните системи. Акронимот PICTURES означува „Педагошки систем за инклузивно образование и обука за подобрување на вештините на меѓусекторки практичари кои работат со млади лица во пенитенцијарните системи” и ја претставува нашата визија за обединување на различни перспективи и експертизи со цел развивање на сеопфатен пристап за младите лица во пенитенцијарниот систем.

## ВОВЕД

Нашето партнерство претставува богата мрежа од 15 организации од 10 земји (Романија, Португалија, Хрватска, Северна Македонија, Италија, Грција, Босна и Херцеговина, Србија, Црна Гора и Бугарија), вклучувајќи поправни и затворски установи, образовни институции, истражувачки организации и граѓански здруженија. Активностите се поддржани и кофинансирани од Европската извршна агенција за образование и култура, проект со референтен број: Project: 101140185 — PICTURES — ERASMUS-EDU-2023-PI-ALL-INNO.

Co-funded by the European Union

Funded by the European Union. Views and opinions expressed are however those of the author(s) only and do not necessarily reflect those of the European Union or he European Education and Culture Executive Agency (EACEA.) Neither the European Union nor EACEA can be held responsible for them.



Pictures

Shaping Futures
Emerging Adults Transitioning from Prisons

## ПРЕГЛЕД НА ПРОЕКТОТ

Проектот PICTURES е насочен кон промовирање на нови, мултидисциплинарни пристапи во наставата и учењето во пенитенцијарни услови, со посебен акцент на педагогијата за млади лица. Развиваме уникатни наставни методи, создаваме дигитални средини за учење и воспоставуваме педагошки центри за поправна педагогија низ Европа. Нашата цел е да ги опремиме практичарите со алатки за обезбедување висококвалитетни интервенции и да ја поттикнеме соработката помеѓу едукаторите, работодавците и претставниците на граѓанското општество.

Наша цел е да изградиме сеопфатна рамка за унапредување на образованието во пенитенцијарниот систем преку внимателно дизајнирани фази во текот на трите години, од 01.02.2024 до 31.01.2027. Во фазата на Поставување рамка (FRAME THE PICTURES), го поставуваме темелот за разбирање на пенитенцијарниот екосистем. Движејќи се кон фазата на Подигнување (LEVEL THE PICTURES), се фокусираме на подигање на стандардите за обука и професионализација.

## ФАЗИ НА ПРОЕКТОТ

- **Фаза на врамување – FRAME THE PICTURES**
- **Фаза на подигнување (LEVEL THE PICTURES)**
- **Фаза на иновација (NEXT PICTURES)**
- **Фаза на интеграција (IN THE PICTURE)**
- **Фаза на споделување (SHARE THE PICTURE)**

Во фазата на Иновации (NEXT PICTURES), гледаме кон иднината, истражувајќи нови методи и стратегии за ефикасна педагогија. Во фазата на Интеграција (IN THE PICTURE), ја нагласуваме важноста на вклучувањето на практичарите во нашата рамка, обезбедувајќи гаранција дека нивните искуства ќе ја обликуваат нашата иницијатива. На крај, во фазата на Споделување (SHARE THE PICTURE), ја истакнуваме нашата посветеност кон соработка и размена на знаења низ Европа, создавајќи заедница за поддршка посветена на подобрување на резултатите од рехабилитацијата. Со усогласување со пошироките цели на Европската Унија за социјална инклузија и подобрена рехабилитација, проектот PICTURES не само што ги исполнува потребите на пазарот на трудот за предвидување на компетенции, туку и прави значителен општествен придонес.

Co-funded by the European Union

Funded by the European Union. Views and opinions expressed are however those of the author(s) only and do not necessarily reflect those of the European Union or he European Education and Culture Executive Agency (EACEA.) Neither the European Union nor EACEA can be held responsible for them.



Pictures

Shaping Futures
Emerging Adults Transitioning from Prisons

## ОСТВАРЕНИ АКТИВНОСТИ

Откако започнавме со проектот PICTURES, вредно работиме на реализација на клучни активности како дел од нашата основна цел да ги  ВРАМИМЕ СЛИКИТЕ—развивајќи сеопфатно разбирање на пенитенцијарниот екосистем и подготвувајќи ја основата за идните активности:

- Одржавме локални настани во земјите-партнери во проектот, за претставување на  проектот на национално ниво. Овие настани имаа за цел да создадат позитивна средина за учество на заинтересираните страни во предстојните активности, вклучувајќи интервјуа, истражувања,  DACUM работилници и обуки.
- Мапирање на екосистемот и ангажман на заинтересираните страни: Клучен фокус беше идентификување и ангажирање на разноликите заинтересирани страни вклучени во поправната педагогија—работодавачи, даватели на стручно образование и обука (VET), високообразовни институции (HE) и граѓанското општество. Извршивме проценка на потребите за да ги идентификуваме вештините и знаењата кои им се потребни на практичарите, со цел да се подобри обуката и професионализацијата низ секторот.
- DACUM работилници: Овие работилници, одржани во 10 партнерски земји, помогнаа во идентификување на основните задачи, вештини и компетенции потребни за оние кои работат со младите во пенитенцијарните  системи. Наодите ќе служат како водич за развој на курикулуми базирани на компетенции и програми за дополнителна обука прилагодени на овие уникатни потреби.
- Национални извештаи: Извршено е обемно истражување, што резултираше со национални извештаи кои компилираат наоди од различни методи, како што се интервјуа, мапирање на заинтересираните страни и анализа на политиките и практиките. Овие извештаи, достапни на мајчин и англиски јазик, се преточија во синтетички извештај кој ја поставува основата за стандартизација на поправната  педагогија низ Европа.

Co-funded by the European Union

Funded by the European Union. Views and opinions expressed are however those of the author(s) only and do not necessarily reflect those of the European Union or he European Education and Culture Executive Agency (EACEA.) Neither the European Union nor EACEA can be held responsible for them.



Pictures

Shaping Futures
Emerging Adults Transitioning from Prisons

## СЛЕДНИ АКТИВНОСТИ

**Еве што наредно ќе следи во рамките на проектот:**

- Ажурирање на професионалните профили на занимања во секторот правда: Ќе ги идентификуваме и ажурираме профилите на занимања на лица кои работат со млади престапници во пенитенцијарниот систем.
- Вебинар за заинтересирани страни: Наодите ќе бидат валидирани преку вебинар со клучните заинтересирани страни.
- Адаптација на национално ниво: Профилите на занимања ќе бидат адаптирани за специфичните контексти на земјите - учеснички во проектот.
- Моделирање на екосистемот PICTURES: Ќе го моделираме екосистемот според факторите на животната средина, социјалните аспекти и аспектите на владеење.
- Графикон на компетенции PICTURES: Ќе биде развиен комплетен графикон на компетенции.
- Стратегија за поправната педагогија: Ќе доставиме стратешки документ кој ги опишува идните насоки за поправната педагогија.

## ВО ФОКУС: ЗОШТО Е ВАЖНО ПРОФЕСИОНАЛИЗИРАЊЕТО НА ПОПРАВНАТА ПЕДАГОГИЈА

Инвестирањето во обуката на практичари во областа на поправната педагогија е клучно за подобрување на резултатите од рехабилитацијата на млади лица во пенитенцијарните системи. Со професионализирањето на оваа работна сила ќе се обезбеди тие да располагаат со знаењето и алатките потребни за ефикасно поддржување на младите лица во нивната реинтеграција во општеството. Проектот PICTURES се фокусира на пополнување на празнините во тековните системи на обука, поттикнувајќи соработка низ Европа и градејќи мрежа на практичари кои можат да разменуваат најдобри практики и ресурси.

## СЛЕДЕТЕ НÉ

Останете во контакт со нас преку нашата веб-страница [https://projectpictures.eu и на социјалните мрежи за редовни информации за проектот PICTURES, предстојни настани и можности за вклучување.

Co-funded by the European Union

Funded by the European Union. Views and opinions expressed are however those of the author(s) only and do not necessarily reflect those of the European Union or he European Education and Culture Executive Agency (EACEA.) Neither the European Union nor EACEA can be held responsible for them.